financethink.mk

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

HR EXCELLENCE IN RESEARCH

СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ 2018-2023

FINANCE THINK | Институт за економски истражувања и политики

СОДРЖИНА

P 3 **ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

P 4 **ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРИНЦИПИ**
Визија | Мисија | Вредности | Особености

P 7 **СТРАТЕШКА ОРИЕНТАЦИЈА**
Стратешки насоки 1, 2 и 3

P 11 **ЕЛОСЕН ПАКЕТ НА УСЛУГИ**
Дијагностика на Терен за формулација на Економските Политики
Мониторинг и Поддршка на Економските Политики
Имплементација на Импакт Евалуација на Економските Политики
Други Методи за Економските Политики

P 13 **SSWOT АНАЛИЗА**

P 15 **РЕЗИМЕ**

1. Економски Институт

Finance Think е непрофитен економски институт за економско истражување и политики, чија мисија е да го подобри влијанието на економските и социјалните трендови и политики врз граѓаните на Македонија и Западен Балкан, преку економско истражување, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

FINANCE THINK 2012-2017

Адресирање на економски предизвици
25 лични или колаборативни истражувачки студии за низа жешки економски/развојни/социјални прашања.

Поттикнување економска дебата
>500 појавувања на жешки економски прашања, преку интервјуа, изјави, експертски ставови; >1000 учества на нашите јавни настани.

Поддржување на истражувачи, новинари, жени, млади, социјално ранливи, невработени
>350 лица имаа директна корист од нашата работа преку обуки, работилници и семинари.

Откривање на извонредност
Две престижни меѓународни награди и три еминентни домашни награди.

Вмрежување на регионална скала
Основач на мрежата ФИСКАСТ; учество во низа на домашни и меѓународни истражувачки мрежи.

2. Организациски Принципи

Визија

Нашата Визија е да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

Мисија

Наша Мисија е да го подобриме влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните на Македонија и регионот на Западен Балкан, преку истражување, застапување базирано на докази и водено од податоци и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Вредности

Finance Think е воден од следниве принципи и вредности:

Досег и Вклученост

- Резултатите и наодите од работата на Finance Think се дисеминираат така што може да бидат разбрани од не-специјалисти, а со тоа да водат кон подобро разбирање на јавноста на економијата, политиките и реформите.
- Производите на Finance Think се врвни и иновативни.
- Институтот обезбедува колегијална и негувана професионална средина, признавање на вработените како професионалци и не врши каков било вид на дискриминација.

Транспарентност и Ефикасност

- Finance Think управува со своите активности на трошочно-ефикасен начин, и се фокусира на резултати и влијание. Благодарно ја осознава поддршката што ја добива и е заинтересиран за испорачување на вредност за парите при остварување на својата мисија.
- Политиките и процедурите на Finance Think се транспарентни.
- Внатрешната и надворешната евалуација на активностите на Finance Think е постојана и транспарентна.

Примена, Квалитет и Етика на Истражувањата

- Истражувачката агенда е поврзана и интегрирана со мисијата на институтот, и истражувачите се усогласени со стратешките цели што ја водат истражувачката средина и механизмите за финансирање.
- Истражувањето е применето, иновативно, ориентирано кон политики и високо-квалификувано.
- Истражувањата се интердисциплинарни и поттикнуваат соработка.
- Истражувачите се фокусираат врз нивните истражувања за доброто на општеството и проширување на границите на научното знаење, додека уживаат во слободата на мислата и изразувањето, како и слободата да идентификуваат методи за адресирање на идентификуваните проблеми, според признаени етички принципи и практики.

Особености

Независност.
Finance Think има карактеристика на независен, непристрасен економски истражувачки институт. Тој нема институционална или политичка припадност, а негова единствена посветеност е да служи на својата мисија.

Лидерство и оперативно искуство.
Finance Think има акумулирано силно и разновидно лидерско и оперативно искуство во управување со национални и регионални истражувачки програми и работа со личности и институции од земјата и регионот. Лидерскиот и оперативниот капацитет произлегуваат од првокласните економисти кои работат и го водат институтот.

Првокласен и разновиден советодавен одбор.
Finance Think има првокласен, разновиден Советодавен Одбор. Раководната структура на Finance Think ја зајакнува неговата независност и се фокусира на квалитет.

Партнерства и глобална мрежа.
Finance Think се потпира врз силна домашна, регионална и глобална мрежа. Тој е основач на ФИСКАСТ, мрежа за фискална одговорност и транспарентност и има многу локални и регионални партнери - мрежи, со што комбинира локален и глобален досег.

Персонал.
Finance Think има мал, компетентен и разновиден персонал. Пргавата структура има улога да ја иницира, координира и олеснува истражувачката работа спроведена од други партнери и организации, и да учи од минатите операции и искуства на Finance Think.

Јавен имиџ.
Finance Think ужива углед на балансирана, кредибилна и отворена институција во јавниот дискурс, медиумите и кај носителите на политики. Неговите ставови изразени во јавната дебата се разбираат само низ призмата на компетентноста и се пренесуваат преку разновидни канали.

3. Стратешка ориентација

Главната стратешка долгорочна цел на Finance Think е да придонесе за промена во политиките за подобар животен стандард на граѓаните на Македонија и Западен Балкан.

Finance Think ги поставува следните стратешки цели за периодот 2018-2023, кои ќе служат во насока на исполнување на главната цел (мисијата). Операционализацијата на стратешките цели е дел од Годишната програма на активности што се усвојува на почетокот на секоја календарска година, додека нивната евалуација е дел од Годишниот извештај на активности што се припрема на крајот на секоја календарска година.

Стратешка насока 1

Да придонесе кон подобрување на економските, социјалните и развојните политики и реформи преку продуцирање докази, базирани на истражување и водени од податоци. Конкретно, оваа стратешка цел се базира на првокласно економско – емпириско и истражување насочено кон политики, базирано на доволна теоретска основа и извршено со помош на најсовремени економски методи, кое е релевантно и корисно за домашните и/или регионалните носители на политики.

Што

Оваа стратешка цел е поделена на следните цели:

1.1. Зголемување на понудата и квалитетот на економско, социјално и развојно истражување, базирано на современи методи и техники;
1.2. Зголемување на капацитетот на целните групи за спроведување економско истражување;
1.3. Зголемување на довербата на економските експерти во економските, социјалните и развојните политики и реформи.

Зошто

Економското, социјалното и развојното истражување во Македонија е слабо развиено. И во академскиот и во граѓанскиот сектор недостасува истражување базирано на ригорозни методи. Конкретно, вештините за анализа на податоци се дефицитарни. Инвестирањето во квалитетно истражување, и во рамки на Finance Think и преку опремување на засегнатите страни со вакви вештини, може да има високи приноси во поглед на правилно идентификување проблеми, донесување адекватни решенија базирани на цврсти докази, проодна мобилизација на ресурси, подобро владеење и политики како и зголемен квалитет и квантитет на демократска дебата.

Како

- Инвестирање вештини и напори во висококвалитетни рецензирани истражувачки публикации како трудови во списанија, студии на политики, брифови за политики, книги, брошури и прирачници;
- Инвестирање вештини и напори за подготовка на регуларни публикации како Макро-монитор, Графометрикс, ФТ Коментар, ФТ Став и други;
- Инвестирање вештини и напори во конвертирање сложени резултати и наоди во информации разбирливи за јавноста преку визуелизации како графикони, инфографикони, ГИФови, видеа и слично;
- Вклучување на еминентни економски експерти во разни иницијативи на Finance Think;
- Вклучување национални и регионални новинари кои пишуваат за локални и национални медиуми, во разни иницијативи на Finance Think;
- Инвестирање во соработката на Finance Think со други тинк тенкови, особено за економски/социјални прашања од други земји.

Стратешка насока 2

Да се зголеми ефектот од производите на Finance Think врз целните групи (вештини), донесувањето политики (политики и реформи) и општеството (свесност). Конкретно, оваа стратешка цел се темели на претпоставката дека работата на Finance Think е направена за доброто на општеството, канализирана преку влијание врз процесите на формулирање и имплементација на политиките, преку влијане врз дискурсот на јавната дебата, и преку директно влијание врз вештините и работата на непосредните целни групи.

Што

Оваа стратешка цел е поделена на следниве цели:

2.1. Зголемување на преземањето на резултатите од истражувањата од страна на носителите на политики;
2.2. Зголемување на бројот на реформи кои се во линија со препораките/советите на ФТ;
2.3. Зголемување на позитивното влијание од работата на ФТ врз непосредните целни групи;
2.4. Зголемување на дебатата за економските политики и реформи.

Зошто

Во создавањето на економските, социјалните и развојните (најмногу образование и здравство) политики во Македонија недостасува соодветно основање на истражувачките резултати, докази и податоци. Најчесто, економските политики се прават ад-хок, или со репликација на политики кои успеале некаде. Носителите на политики пак, немаат капацитет да превземат кредибилни препораки од истражувањата. Економската дебата долго време беше плитка, поларизирана и пристрасна. Ефективноста на работењето на Finance Think врз носителите на политики, целните групи и општеството во целина може да придонесе за компатибилност, зајакнување и демократски вредности на општеството.

Како

- Негување директен позитивен, непристрасен и избалансиран однос со носителите на политики, преку мултилатерални и билатерални консултативни процеси;
- Негување однос на меѓусебна доверба со новинарите и нивна поддршка во профилирање на наодите и резултатите од истражувачката работа;
- Инвестирање вештини и напори за директна работа со целните групи во рамки на иницијативите на Finance Think;
- Учество во медиуми преку интервјуа, изјави, експертски ставови и слично;
- Активно присуство во социјалните медиуми преку постирање и твитање;
- Спроведување низа јавни настани како економски форуми, годишна панел дебата, прес-кафе и слично, на кои присуствуваат носителите на политики, лидери, експерти и јавност;
- Балансирање во пренесувањето на препораките и советите за политиките преку директни средби со носителите на политики и преку учество во медиумите.

Стратешка насока 3

Да се развие институционалниот капацитет на Finance Think, во смисла на истражување, застапување, финансирање и комуникација, со цел посилно влијание врз економските, социјалните и развојните реформи и врз ефектите што соодветните политики ги имаат врз граѓаните. Конкретно, оваа стратешка цел се темели на претпоставката за постојана инвестиција во градење капацитети и мрежи, и организациски и лични, во насока на подобро истражување, зголемена домашна и меѓународна визибилност и зголемена репутација во целина.

Што

Оваа стратешка цел е поделена на следниве цели:

3.1. Зголемена побарувачка за истражувачките материјали на ФТ од Владата;
3.2. Инвестирање во квалитетот на материјалите на ФТ;
3.3. Зголемен капацитет за оперативно и стратешко планирање.

Зошто

Силен економски тинк тен е основа за градење кредибилитет во се што е произведено и понудено на носителите на политики. Дополнително, силен тинк тенк може да го храни дискурсот на јавната дебата на соодветен, балансиран и непристрасен начин, со единствена цел да изгради подобра економија и општество. Просторот со економски тинк тенкови во Македонија е ненаселен; неколку напори беа превземени од не-економски тинк тенкови, но заради недоволните вештини за економски анализи и некадарноста да понудат кредибилни и доверливи резултати, овие иницијативи за брзо време избледеа. Инвестирањето во силен економски тинк тенк може да овозможи придобивки не само за основачите и вработените, но и за општеството во целина.

Како

- Добивање формален и неформален позитивен фидбек од Владата и другите засегнати страни за разни аспекти од работата на ФТ;
- Воспоставување сет од кохерентни регулативи кои поддржуваат транспарентност и одговорност на Институтот;
- Подигнување на процесот на стратешко и оперативно планирање и известување;
- Инвестирање во соработката помеѓу Finance Think и други тинк тенкови, конкретно на економски/социјални/развојни прашања од други земји;
- Изложување на меѓународната академска и НВО сцена, преку учество на регионални и меѓународни форуми, конференции и мрежи.

4. Целосен пакет на услуги

Finance Think ја воспостави платформата Finance Impaq со цел да придонесе во процесот на формулација, имплементација и евалуација на економските, социјалните и развојните политики во областа на животниот стандард, вработување, вклученост, еднаквост. Платформата е заснована на рационално сеопфатен модел на креирање политики артикулирани во политичката наука, каде што се следи текот на четири специфични фази: идентификација на проблем, формулација на опции за политиките, селекција и имплементација, мониторинг и евалуација на избраната политика.

Дијагностика на терен за формулација на политика

Finance Impaq соработува со носителите на политики за внимателен избор пред одлучување за насоката на акцијата. Тоа е затоа што економската политика е како и секоја друга алатка; некои политики функционираат добро за одреден проблем, но не и за друг. Затоа, соодветна идентификација на проблемот вклучува дефинирање на основната причина на проблемот со цел да се употреби вистинската алатка за негово отстранување.

- Теренско испитување на околината (системи и практики)
- Дизајн на примерок и прашалник
- Скрининг на регулативи, практики, минати опции
- Спроведување теренски скрининг за да се идентификуваат опции за политиките
- Директна работа со засегнатите страни (на пример, вработени во јавна администрација) за да се идентификуваат пречки и тесни грла.

Мониторинг и поддршка на имплементацијата на политика

Finance Impaq ги поддржува и мониторира процесите на имплементација на економските политики директно со имплементаторите и другите засегнати страни. Имплементацијата може да бара од владините агенции да ја донесат политиката, преку донесување правила и прописи, обезбедување услуги и производи, кампањи за едукација на јавноста и слично.

- Помош при изготвување на правила и прописи
- Поддршка во спроведување на политиката на терен
- Спроведување активности за градење капацитети (обуки и работилници) за да се обезбеди соодветна имплементација на политиките
- Буџетирање на трошоците на политиката
- Мониторинг и известување за имплементацијата на политиката на терен.

Евалуација на економски политики

Finance Impaq следи ригорозни квантитативни методи за да го процени влијанието на политиките – и очекуваните ефекти и ненамерните ефекти, за да оцени дали тие го решиле идентификуваниот проблем и ги исполниле своите цели. Импакт евалуацијата е захтевна економетриска техника која покажува дали интервенцијата влијае врз резултатите. Методот бара контрафакти за тоа кои би биле резултатите во отсуство на интервенција. -Рандомизирани контролни обиди – експериментални методи

- Квази-експериментални методи
- Дизајн на не-експериментална евалуација
- Совети и поддршка за продолжување или проширување на програмите, во рамки и надвор од националните граници.

Други методи за евалуација политики

Finance Impaq е основан да служи за низа методи користени низ развојната практика (на пример, шеми за социјална заштита, легислатива на пазарот на труд, обука на работно место, образование, миграција, пристап до кредит, здравство, родови анализи) за мерење на ефектите од економските, социјалните и развојните политики за разни аспекти на економската и општествената благосостојба. Овие методи се користат тогаш кога импакт евалуацијата не е оправдана заради практични или финансиски ограничувања.

- Ригорозен опис на микро податоци
- Дизај на регресии
- Дизајн на дисконтинуитет на регресија
- Параметриски (на пример, регресија на квинтил) и не-параметриски техники
- Евалуација на перформанс
- Симулација.

5. SWOT анализа

Следната анализа ја отсликува внатрешната и надворешната средина на Finance Think во која се вкрстени силните страни, слабостите, можностите и заканите на институтот.

Силни страни

СН1: Подготовка на докази

- Вградени најсовремени ригорозни истражувачки методологии и вештини за анализа на сет од економски феномени;
- Вклученост во низа истражувачки мрежи;
- Сподобност да се вклучи во: и) подготовка на докази барани од владата, бизнис секторот, меѓународни организации; ии) регионални (Западен Балкан) алијанси за заеднички проблеми (на пример, невработеност, иселување);
- Создавање и вклучување во НВО мрежи за спроведување на заеднички каузи;

СН2: Влијание

- Позитивна јавна видливост и артикулирана позиција пред носителите на политики;
- Позитивен јавен имиџ на кредибилитет, независност, непристрасност, понуда на докази, балансирани ставови;
- Иновативни, креативни производи и визулеизација на податоци и наоди;
- Подобрени канали за соработка со економски новинари;
- Творец на ставови

СН3: Капацитет

- Економски персонал со воспоставени основи за економско истражување (публикување во рецензирани списанија, презентирани на меѓународни конференции и работилници;

- Едноставна структура на менаџмент, во корист на стимулирачка и позитивна работна околина;

Слабости

СН1: Подготовка на докази

- Недоволни фондови за истражувачки активности;
- Непостоење владини фондови за помагање на проекти кога е потребно;
- Ограничен пристап до микро податоци во Државниот Завод за Статистика;

СН2: Влијание

- Понекогаш, младите во тимот доаѓаат на сметка на искуството;
- Релативна затвореност на институциите за споделување информации и податоци;

СН3: Капацитет

- Недоволен физички простор;
- Честопати, недоволно разграничување на одговорности;
- Недоволен капацитет за управување на средно ниво;
- Потреба за дополнително подобрување на институционалната поставеност;
- Недоволен капацитет на човечки ресурси (квантитет) да учествуваат на вредни работилници (за претставници на НВО и/или економисти);

SWOT анализа

Можности

СН1: Подготовка на докази

- Променлива околина создадена од (мнозинството) донатори, кои фаворизираат анализи и застапувања базирани на истражување на сметка на чист активизам;
- Итна побарувачка за услуги во областа на економска/социјална анализа, вклучувајќи теренска работа;
- Итна потреба на бизнис секторот за истражувачки услуги;
- Зголемена побарувачка од Владата за наоди базирани на докази и водени од податоци;
- Потенцијал за регионална соработка
- Незагаден пазар;

СН2: Влијание

- Зголемена владина и општествена свест за улогата и користа од работата на граѓанскиот сектор;
- Неискористени алатки (на пример, блог) и потенцијал за нови алакти (на пример, форум);
- Капацитет за интеракција на теренско ниво (на пример, директна работа со јавната администрација за одредени реформи)
- Воведување нови работни алакти (на пример, комуникациски платформи, алатки за дизајн) за подобрување на личната и институционалната продуктивност;

СН3: Капацитет

- Растечки број на обуки кои вклучуваат патување надвор;

- Растечки број на интервенции од партнери или потенцијални партнерски организации да учествуваат во разни мрежи, иницијативи и каузи;

Закани

СН1: Подготовка на докази

- Неекономски конкуренти ја имитираат работата на ФТ и прават конфузија на пазарот (имитатори и импровизатори);
- Недоволно квалификувани економски професионалци на пазарот на труд ;

СН2: Влијание

- Постојан ризик за политичка етитека зачинет со тенденции за поларизација;

СН3: Капацитет

- Пренатрупаната канцеларија може да ги наруши меѓучовечките односи;

- Недоволен капацитет на партнерските организации да испорачаат сличен квалитет или да ги следат критериумите во техничките процеси (на пример, финансиска нетранспарентност);

6. Резиме

Визија

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

Цел

Да го подобриме влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните на Македонија и регионот на Западен Балкан, преку истражување, застапување водено од докази и базирано на податоци, и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Вредности

Три основни вредности:
Апликација, квалитет и етика во истражувањето, Досег и вклученост и Транспарентност и ефикасност.

Особености

Шест круцијални особености:
Независност; лидерство и оперативно искуство; првокласен и разновиден Советодавен одбор; избрани партнерства и глобална мрежа; разновиден и компетитивен персонал и угледен јавен имиџ.

Три стратегиски насоки

Да придонесе кон подобрување на економските, социјалните и развојните политики и реформи преку продуцирање докази, базирани на истражување и водени од податоци. Да се зголеми ефектот од производите на Finance Think врз целните групи (вештини), донесувањето политики (политики и реформи) и општеството (свесност). Да се развие институционалниот капацитет на Finance Think, во смисла на истражување, застапување, финансирање и комуникација, со цел посилно влијание врз реформите и врз ефектите што економските политики ги имаат врз граѓаните.

Услуги базирани на истражување

Комплетен асортиман на услуги комбинирани за да испорачаат резултати: **дијагностика на терен за формулација на економска политика; мониторинг и поддршка на имплементацијата на политика; импакт евалуација; и други методи за економска евалуација на политики.**

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

HR EXCELLENCE IN RESEARCH

FINANCE THINK | Институт за економски истражувања и политики

Ул. Фредерик Шопен 1/2
1000 Скопје, Македонија

+389 2 6 156 168

info@financethink.mk

/FinanceThink

/company/finance-think

СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ 2018-2023

financethink.mk